РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-591/16
09.09. 2021 год.
Валандово

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/2020) и член 43-6 од Статутот на Општина Валандово, Локалното собрание на млади на Општина Валандово на седницата одржана на 09.09.2021 година го донесе следниот

**ДЕЛОВНИК**

## ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Деловникот се уредува начинот на работа и одлучување на Локалното собрание на млади во Општина Валандово (во понатамошниот текст: ЛСМ на Општина Валандово).

Член 2

Работата на Локалното собрание на млади е јавна и во неа учествуваат сите видови на организации, согласно Законот за младинско учество и младински политики кои се пријавиле на Јавниот повик за учество во ЛСМ на Општина Валандово.

На Собранието присуствуваат пријавените форми на организирање со свои делегати и заменик-делегати.

На Собранието присуствуваат и претставници на Општина Валандово.

Медиуми и гости може да присуствуваат на седниците на Собранието по претходно одобрено барање или покана од страна на претседателот на ЛСМ на Општина Валандово или службеникот за млади во Општина Валандово.

### КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

Член 3

Конститутивната седница ја отвара и со неа заседава Иницијативниот одбор, заедно со Службеникот за млади во Општина Валандово, се до избор на претседавач/ка на ЛСМ на Општина Валандово.

На конститутивната седница на ЛСМ на Општина Валандово се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Собранието на млади.

Мандатот на членовите на Локалното собрание на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.

Претседавач/ка е главниот застапник и претставник на Локалното собрание на млади. Претседавачот/ката раководи и претседава со Локалното собрание на млади, го претставува пред органите на Општина Валандово, ги закажува и води седницитена ЛСМ, потпишува акти донесени од страна на ЛСМ, ги следи насоките на членовите на Собранието во својата работа и врши други работи согласно Статут на Општина Валандово и на овој деловник.

Членовите на ЛСМ (делегатите/ките и заменик-делегатите/ките) работат на спроведување на активностите на ЛСМ, учествуваат во подготовка на документи и други активности.

Членовите на ЛСМ доколку е потребно помагаат и во работата на Локалниот младински совет на општина Валандово (во понатамошниот текст: ЛМС на Општина Валандово).

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЛСМ – ДЕЛЕГАТОТ И ЗАМЕНИК-ДЕЛЕГАТОТ

Член 4

ЛСМ на Општина Валандово според Статутот на Општптина Валандово и Законот за младинско учество и младински политики објавува јавен повик и ги избира членовите на Локалниот младински совет на Општина Валандово.

Членовите на ЛСМ имаат право и должност да присуствуваат на седниците на ЛСМ и да учествуваат во работата и во одлучувањето.

Делегатот или заменик-делегатот кој е спречен да присуствува на Собранието, е должен за тоа да го извести претседавачот до почетокот на седницата на ЛСМ.

За присуство на членовите на ЛСМ се води евидентен лист што е отворен во текот на одржување на седницата. Пред утврдувањето на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница на Собранието.

Делегатите и заменик-делегатите може да стават забелешки на записникот и да бараат во него да се извршат соодветни изменувања и дополнувања.

Претседавачот на Собранието констатира дека е усвоен записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот во кој се извршени изменувања и дополнувања.

## РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО

Член 5

Откако ќе се утврди кворумот на предлог на претседавачот/чката, Собранието, на секоја седница, избира:

- Верификациона комисија - која се состои од три члена од кои едниот/ната е претседател/ка на комисијата;
- Записничар (кој може да биде и од претставници на Општина Валандово) и
- Други работни тела што Собранието ќе одлучи дека се потребни.

## ОДЛУЧУВАЊЕ

Член 6

Собранието ќе работи и полноважно ќе одлучува доколку присуствуваат претставници на повеќе од ½ од организациите-членки на Собранието.

Претседателот/ката на верификационата комисија ги прозива делегатите и заменик-делегатите да потврдат присуство и го утврдува нивниот број.

Одлуките се донесуваат со мнозинство од гласовите на присутните делегати или заменик-делегати на ЛСМ на Општина Валандово. Одлуките се донесуваат со просто мнозинство.

Секоја организација-членка на Собранието има право на еден глас, освен за изборот за членови на Локалниот младински совет, каде што секоја организација-членка има право да гласа за 5 кандидати/ки, водејќи сметка за родовата еднаквост. Секој член гласа за 3 машки и 2 женски кандидати/ки или обратно.

Член 7

За сите одлуки се гласа јавно освен за изборот за членови на Локалниот младински совет.

Избрани се оние кандидати/ки кои имаат најголем број на гласови само под услов доколку правото на глас го оствариле повеќе од половина од вкупниот број на членови присутни на Собранието. Јавното гласање се врши со употреба на технички средства. На делегатот/ката или заменик-делегатот/ката му/и се издава гласачко ливче.

Собранието може да одлучи гласањето да биде тајно по предлог на претседавачот/чката или на еден член на ЛСМ чие барање ќе биде изгласано од Собранието.

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња. Гласачките ливчиња мора да бидат со еднаква големина. Во гласачкото ливче за избор се подредуваат имињата и презимињата на кандидатите поединечно, според азбучниот ред на нивните презимиња.

Претседавачот/чката е должен/а за време на гласањето да обезбеди услови за спроведување тајно гласање.

За неважечко се смета гласачкото ливче од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат делегатот/ката или заменик-делегатот/ката гласал/а.

Член 8

Секој кандидат кој се номинира за некоја од позициите има право на свое кусо претставување пред членовите на ЛСМ.

Член 9

По потврдениот избор, верификационата комисијата на Локалното собрание на млади изготвува извештај/записник со листа на избрани членови кој го усвојува Локалното собрание на млади и истиот се доставува до Советот на Општина Валандово за верификација на нивните мандати.

Член 10

Секој избран член на Локалниот младински совет може да биде отповикан од страна на Собранието, на предлог на член на Собранието и по спроведување акт на гласање на доверба.

Собранието може да отповика поединечен член, или да ги отповика сите членови на Локалниот младински совет колективно.

Собранието за ваквата иницијатива одлучува со мнозинството пропишано во Деловникот.

Член 11

Постапка за разрешување на претседавач/ка на ЛСМ на Општина Валандово може да отпочнат 2/3 од делегатите во ЛСМ на Општина Валандово откако претходно во писмена форма со образложение за причината за промената ќе достават потписи до претседавачот кој е должен веднаш да закаже седница на ЛСМ. Доколку одбие тоа да го стори делегатите самостјоно ќе се состанат во рок од 7 дена од денот на поднесување на барањето до претседавачот. Доколку седницата е самостојно закажана со неа претседава најстариот член од делегатите иницијатори на седницата.

Член 12

Членството во ЛСМ на Општина Валандово на делегатите и заменик-делегатите престанува на следниве начини:

- на лично барање на членот на ЛСМ (со поднесување на лична изјава и наведување на причините поради кои го поднесува барањето);

- разрешување поради неактивност (членот три пати неоправдано отсуствува од седниците на ЛСМ);
- избор на нова позиција неспоива со членство во ЛСМ (доколку членот на ЛСМ или претседавачот/ката биде избран/а за член на Локалниот младински совет на Општина Валандово, мандатот му/и престанува по верификација на одлуката од страна на Советот на Општина Валандово);
- по надминување на возрасната граница според Статут на Општина Валандово и според Закон за младинско учество и младински политики и
- во други случаи утврдени со Статут на Општина Валандово и Законот за младинско учество и младински политики;

Во случај на престан на мандатот на членот во ЛСМ по било кој основ, формата на младинско здружување на која истиот е член има право да поднесе нов предлог кој ќе биде верификуван на првата следна седница на ЛСМ на Општина Валандово.

## ЗАПИСНИК

Член 13

За работата на седницата на Локалното собрание на млади се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, имињата на присутните, предлозите, ставовите на работното тело, резултатите од секое гласање, што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со прашањата од дневниот ред.

Претседавачот на ЛСМ и записничар го потпишуваат записникот и се одговорни за неговата веродостојност.

За изготвување на записниците и за чување на оригиналите на записниците од седниците се грижат членовите на Локалниот младински совет и службеникот/чката за млади во Општина Валандово.

## ОДЛОЖУВАЊЕ СЕДНИЦА

Член 14

Поради немање кворум, односно неприсуство на доволен број членови, закажаната седница на Собранието се одложува.

Седницата ја одложува претседавачот/ката, кој/а на присутните им го соопштува датумот на одржување на новата седница, а на отсутните членови им доставува покани по електронски пат.

## ПРЕКИН НА СЕДНИЦА

Член 15

Седницата на Собранието се прекинува кога:

- во текот на одржување на седницата бројот на присутните членови ќе се намали под пропишаниот број за одржување на седницата;
- седницата поради обемноста на дневниот ред не може да се заврши истиот ден;
- ќе дојде до потешко нарушување на редот на седницата, а претседавачот/чката не е во состојба да воспостави ред;
- поради одмор на учесниците на седницата, но не подолго од два часа и
- во други случаи.

## ЗАКЛУЧУВАЊЕ СЕДНИЦА

Член 16

По завршување на расправата и одлучување по сите точки од дневниот ред, претседавачот/ката објавува дека ја заклучува седницата, односно објавува дека седницата е завршена.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Овој деловник стапува на сила од моментот на изгласување од страна на Собранието.

Постапка за измена и дополнување на овој деловник може да отпочне секој член на ЛСМ на Општина Валандово или службеникот за млади назначен од Општина Валандово.

Конститутивната седница, како и сите следни седници на Собранието се најавуваат најмалку 5 дена пред одржувањето на седниците. Во најавата за седници се доставува и работниот материјал за Собранието.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

Општина Валандово
Локално младинско собрание
Претседавач

Софија Гетова